***Годишен извештај за реализација на ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2023 година***

# Општина Берово

Одделение за јавни дејности

Активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита се насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма, кои се однесуваат на изнаоѓање форми на згрижување на социјално ранливи групи, создавање на поквалитетни услови на децата и младите во локалната заедница, поттикнување на населенеието на размислување за форми на социјална заштита, изнаоѓање на различни форми за помош на социјално ранливи категории.

Општина Берово, преку вработените службеници во Одделението за јавни дејности, ја спроведува и ја следи реализацијата на оваа програма, покренува иницијатива и дава мислења и предлози во врска со остварувањето на предвидените активности и зацртаните цели.

**<u>Од Програмата на Општина Берово во областа на социјалната заштита во 2023 година бр.09-4010/1 од 15.11.2022 година, се реализирани неколку активности од областа на социјалната заштита.</u>**

Реализирани активности, заклучно со 31.12.2023 година:

| Ред. бр | Опис на активност | Корисници | Реализирани средства | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Финансиска и друга помош на лицата со загрозена социјална положба | - лица со ниски прамања;<br>- приматели на социјална помош;<br>- лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати;<br>- лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи и<br>- лица неспособни за работа | 105.000,оо денари | |
| 2 | Парични средства за прворoccодено дете во 2023 година, на територијата на општина Берово | -прво дете кое ќе се роди на територијата на општина Берово | 10.000,оо денари | |
| 3 | Еднократна парична помош за новородено дете | - Новородени деца чии родители се жители на Општина Берово | 336.000,оо денари | |
| 4 | Субвенционционирање на првачињата на територијата на општина Берово-по 5000.оо денари за секое прваче | Во текот на учебната година | 420.000,оо денари | |
| 5<br>1 | Субвенционирање на учениците од прва година | Во текот на учебната година | 430.000,оо денари | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на територијата на општина Берово-за секој ученик од прва година-по 5000.оо денари за секој ученик | | | |
| **6** | Стипендија за најдобрите ученици во средното образование | Од септември до мај | 24.000.оо денари | Распишан Конкурс за доделување на месечна стипендија на 10 телентирани ученици во ОСУ ..Ацо Русковски" Берово |
| **7** | Субвенционирање на млади лица-жители на општина Берово за обука на теоретски и практичен дел за полагање на возачки испит од Б категорија(8 000,оо денари) | Континуирано во текот на цела година | 424.000.оо денари | |
| **8** | Поддршка на стари изнемоштени лица во домашни услови од Берово и од руралните средини со средства обезбедени преку апликација на јавен повик од страна на МТСП, а реализирани преку Дом за стари лица„д-р Иван Влашки"како давател на услуги | -Лица над 65 години на кои им е потребна помош за реализирање на секојдневните активности | | |
| **9** | Реконструкција и адаптација на деловен објект бр.4 во кругот на постојниот Дом за стари лица„ д-р Иван Влашки''во Берово, на ул.„Маршал Тито"дел КП 874, КО Берово(2 и 3 фаза) | -Стари лица-корисници во Дом за стари лица<br><br>-Вработени во ОЈУЗСЛ„ д-р Иван Влашки''во Берово | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **10** | Поддршка на социјалната услуга за сместување во згрижувачко семејство (по 10.000 денари на едно згрижувачко семејство) | • згрижувачко семејство кое згрижило лица кои немаат услови за живот во своето семејство или од други причини им е потребно сместување во згрижувачко семејство | 10.000.оо денари | |

**Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица Д-р Иван Влашки**

Со реконструкција на четвртата ламела на Домот за стари лица во Берово се отпочна со работа на 13.03.2023 година, а просторот ќе се прилагоди за сместување на нови 28 корисници, со што Домот за стари лица, ќе добие капацитет од вкупно 67 корисници.

Средствата за реконструкција на четвртата ламела (прва фаза), се обезбедени од Министерството за труд и социјална политика.

На 19 Јуни корисниците на услугите во Домот за стари лица „Д-р Иван Влашки"во Берово, добија сопствена кујна, која ја отвори Министерката за труд и социјална политика Јована Тренчевска. Со обезбедување на сопствен оброк за корисниците, во Домот за стари лица, се подобрија услугите во установата, корисниците се позадоволни, а воедно се овозможија и дополнителни работни места.

Објектот е изграден со средства од сопствено учество и средства од општинскиот буџет, во вкупен износ од околу 10.000.000.оо денари и истиот понуди нова услуга за корисниците.

**Општинска јавна установа, детска градинка „23-ти Август"Берово**

Детската градинка „23-ти Август"Берово е единствена установа за предучилишно згрижување на деца на територијата на Општина Берово, со клонови во с.Русиново, с.Митрашинци и с.Будинарци сега најново во с.Двориште.

На 19 Јуни во с.Двориште е отворен Центар за ран детски развој, односно детска градинка. Детската градинка е опремена и се исполнети сите нормативни

рамки за почеток со работа. Со оглед на тоа што во с.Двориште има постојан природен прираст, населението заслужува да има градинка, каде што децата пред поаѓање на училиште ќе можат да бидат згрижени.

Професионалноста, одговорноста, организираноста, ефикасноста, максималната посветеност и ангажирање, користењето на искуството, следејќи ги потребите на модерното живеење, придонесуваат за поголемата заинтересираност на родителите да ги запишуваат своите деца во градинка.

*Изработила: Благица Лапевска*

*Одобрила:*
*м-р Биљана Марковска*
*Раководител на*
*Одделение за јавни дејности*